РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-13177/2
27-12-2022 20___ год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр. 0307-20/1
05. 01 2023

# ДОГОВОР

**за набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во населба Точила, Општина Прилеп ( за Дел 1 – МЕБЕЛ И ДРУГА ОПРЕМА)**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: Набавувач , и

2. **Друштво за производство, трговија, услуги и угостителство КОМПАНИЈА ИВО ВИК увоз – извоз Дооел Прилеп**, со ЕМБС 6811175, со седиште на ул. Александар Македонски бр.2/156, Прилеп, претставувано од управител Ивановски Влатко, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## II. ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој договор, одделни поими и изрази употребени во овој договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката„** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува носителот на набавката како што е утврдено во овој договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на носителот на набавката на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) „**Сродни услуги„** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на носителот на набавката според условите наведени во овој договор;

7) „**Сервисирање„** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) „**Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку под договор склучен со носителот на набавката.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на стоки како отворена постапка во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-7317/1 од 19.10.2022 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-7317/7 од 12.12.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е **набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во населба Точила, Општина Прилеп ( за Дел 1 – Мебел и друга опрема).**

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вредноста на овој договор изнесува 4.038.975,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 727.015,50 денари.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува 4.765.990,50 денари.

| | Опис | Ед.мерка | Количина | Ед.цена без ДДВ | Вк. Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ДЕЛ 1 МЕБЕЛ и ДРУГА ОПРЕМА** | | | | |
| | **ЈАСЛИ** | | | | |
| 1 | Набавка и монтажа на гардеробер за деца (јасли) со дим. 160/40/160см. изработен од оплеменета иверка дмин.16мм, кантирани со абс трака со мин.д=2мм., за секое дете посебно полица со вратички 40/40см (за 16 деца). | парче | 2 | 13.881,20 | 27.762,40 |
| 2 | Набавка, изработка и монтажа на елемент за тријажа-бокс за пресоблекување 120/70/85. со корпус, полици и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм и 18мм, кантирано со абс2 мм. Со сиот потребен оков. На горната плотна да се постави душек со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за елементот со чичак трака. Да се предвиди сиот потребен оков. (технички цртеж во прилог) | парче | 6 | 12.751,33 | 76.508,00 |
| 3 | Набавка, изработка и монтажа на елемент со вградна кадичка 120/70/85, со корпус и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм и 18ммсм , кантирани со 2мм абс кант со истиот декор. Плотната е со влагоотпорно јадро, оплеменета со Хпл фолија дмин=3см, со всаден иноксен мијалник со димензии мин. 60/45см со длабочина од 22см. со еднорачна батерија и туш на извлекување. Да се предвиди сиот потребен оков. (технички цртеж во прилог) | парче | 2 | 17.109,38 | 34.218,77 |
| 4 | Набавка и монтажа на елементи - отворен плакар за дидактика, со полици, во долен дел со вратички, со дим 90/40/220 цм, изработен од оплеменета иверка дмин16мм, кантиран со абс трака, боја по избор на инвеститорот. | парче | 3 | 6.241,16 | 18.723,48 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Набавка на фиксни креветчиња - дрвени, растојание помеѓу вертикално поставените пречки од најмалку 8.5см, комплет со душеци (д=5см.), со можност за подесување на висината на душекот, преслечени со памучен материјал (деца до 18 месеци), едната страна треба да може да се спушта. | парче | 20 | 5.380,31 | 107.606,19 |
| 6 | Набавка на мобилни креветчиња, анатомски, дрвени со дим. 55/120см (за деца од18-2год) со душеци (д=5см.), преслечени со памучен материјал (деца над 18 месеци) | парче | 12 | 3.228,19 | 38.738,23 |
| 7 | Набавка, транспорт и монтажа на плакар за складирање 6 рекс (мобилни ) кревети, во горниот дел 2 полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со мин. дим. 85/60/220см. изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. Боја, дезен на иверка и рачки по избор на инвеститорот (да има избор палета од најмалку 10 типови). На вратичките да се предвидат апликации лепење на фолија (по технички цртеж). | парче | 2 | 9.469,34 | 18.938,69 |
| 8 | Орман за детска облека, пелени, играчки, постелнина и др (со полици и вратички) со дим. 90/40/220см | парче | 3 | 8.285,68 | 24.857,03 |
| 9 | Масичка за деца - дрвена конструкција и плотна изработена од оплеменета иверка со мин. д=25мм. кантирана со абс трака со д=2мм, со кружна форма, со димензии Ф120 и висина 40см (за деца на возраст од 18-24 месеци), боја по избор на инвститорот. Боја, дезен на иверка по избор на инвеститорот (да има избор палета од најмалку 10 типови) | парче | 2 | 4.304,25 | 8.608,50 |
| 10 | Набавка и транспорт на дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 31/22/29 см, | парче | 12 | 1.398,88 | 16.786,57 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм. | | | | |
| 11 | Ограда за проодување од дрво масив со ф30мм, и мин. должина 2.5м, поставено на ѕид на висина 40-50см на иноксни држачи | парче | 2 | 2.152,12 | 4.304,25 |
| 12 | Дрвена ограда за играње со мин. дим 140/140/60 см. изработена од профили од дрвена конструкција, лакирана, лесна за пренесување и складирање. Со подлога од душек д 50мм, преслечен во материјал лесен за одржување | парче | 3 | 10.760,62 | 32.281,86 |
| 13 | Корпа за сместување играчки со висина од мин. 80 см и ф50 см, меки | парче | 6 | 1.614,09 | 9.684,56 |
| 14 | Набавка и монтажа на елемент со отворени полици за играчки со прегради, изработен од оплеменета иверка дмин16мм, кантиран со абс трака, боја и дезен по избор на инвеститорот, дим.120/40/80см. Подвижен, на тркалца | парче | 6 | 8.019,00 | 48.114,00 |
| 15 | Набавка на столче-хранилка за деца од 9-18месеци, со две висини и безбедносен појас, со послужавник. Ногарки со гума за спречување на лизгање. | парче | 6 | 3.228,19 | 19.369,11 |
| 16 | Набавка и монтажа на кружно ѕидно огледало конструкција-подлога од оплеменета иверка д16 мм, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | | | | |
| 16 | дијаметар45 | парче | 3 | 1.506,49 | 4.519,46 |
| 16 | дијаметар60 | парче | 3 | 1.670,24 | 5.010,71 |
| | **ЗАНИМАЛНИ** | | | | |
| 17 | Набавка и монтажа на гардеробер за деца изработен од оплеменета иверка дмин25мм, кантирани со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палта (ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖ ВО ПРИЛОГ) | | | | |
| 17 | а.ТИП А. дим.120/35/185см. | парче | 23 | 13.235,56 | 304.417,92 |
| 17 | б.ТИП Б. дим. 90/35/200см. | парче | 23 | 11.462,40 | 263.635,17 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Масичка за деца - дрвена конструкција и плотна изработена од оплеменета иверка со мин. д=25мм. кантирана со абс дмин 2мм, со кружна форма, со димензии Ф120. Боја, дезен на иверка по избор на инвеститорот (да има избор палета од најмалку 10 типови) | | | | |
| 18 | висина 48см. (2-4 год) | парче | 9 | 4.304,25 | 38.738,23 |
| 18 | висина 56см. (4-6 год) | парче | 38 | 4.304,25 | 163.561,41 |
| 19 | Набавка и транспорт на дрвено детско анатомско столче со минимални димензии, седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм | | | | |
| 19 | дим. 31/22/29см. (2-4 год.) | парче | 33 | 1.398,88 | 46.163,06 |
| 19 | дим. 36/24/34см. (4-6 год.) | парче | 192 | 1.398,88 | 268.585,05 |
| 20 | Набавка на мобилни креветчиња - дрвени, анатомски со дим.55/140см (за деца над 2год) со душеци (д=5см.), преслечени со памучен материјал | парче | 220 | 3.228,19 | 710.200,86 |
| 21 | Набавка и монтажа на елементи-плакар за сладирање на 5 монтажни креветчиња, со полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите,со дим.70/60/220см. изработени од оплеменета иверка дмин16мм.кантирана со абс трака со д=2мм. боја и дезен по избор на инвеститорот (по технички цртеж) | парче | 45 | 8.608,50 | 387.382,29 |
| 22 | Набавка и монтажа на елемент со отворени полици за играчки со прегради, изработен од оплеменета иверица д мин.16мм, кантиран со абс трака, боја и дезен по избор на инвеститорот, дим.120/40/80см. Подвижен, на тркалца | парче | 30 | 8.019,00 | 240.570,02 |
| 23 | Набавка и монтажа на кружно ѕидно огледало Конструкција-подлога од оплеменета иверка д16 мм, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | | | 0,00 | 0,00 |
| 23 | дијаметар 45см | парче | 10 | 1.506,49 | 15.064,87 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | дијаметар 60см | Парче | 10 | 1.670,24 | 16.702,35 |
| 24 | Табла од плута во облик на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка д мин 16 мм, со макс димензии 90/160см (тех. цртеж во прилог) | Парче | 11 | 2.152,12 | 23.673,36 |
| 25 | Ѕидна табла за креда со држачи за прицврстување на таблата на ѕид, со мин. дим.180x100см. | Парче | 11 | 5.380,31 | 59.183,41 |
| 26 | · ЦД плеер со УСБ приклучок и звучник на блутут МАРКА/МОДЕЛ CD PORTABLE SONY ZSP-S 50 B Портабл CD плеер<br>· Моќност:2+2W<br>· Влез Audio-in<br>· Sleep timer<br>· Репродукција на:CD-R<br>· USB Direct за MP3,WMA<br>· FM/AM стерео пребарувач<br>· и PORTABL ZVUCNIK JBL CLIP 4 BT звучник<br>· Bluetooth® v5.1<br>· Батерија:10h<br>· Водоотпорен<br>· Фрекфенција:100Hz-20kHz<br>· Батерија:Lithium-ion polymer 3.885Wh - 3 hours (5V/500mA)<br>·<br>(да се наведе) | Парче | 13 | 10.975,83 | 142.685,81 |
| | **ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ПРОСТОР** | | | | |
| 27 | · Набавка на ЛЕД Телевизор 55" смарт ЛЕД со држач за на ѕид МАРКА/МОДЕЛ SAMSUNG UE 55 AU 7172 UXXH 55" (139.7cm) 4K UHD Smart TV<br>· Резолуција:3.840 x 2.160<br>· 2000Hz PQI Picture Quality Index<br>· 3xHDMI,1xUSB,eARC,LAN, CI<br>· DVB-T2/C/S2 | Парче | 1 | 37.662,17 | 37.662,17 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | · DRZAC ZA TV MELICONI FlatStayle ES400 Фиксна држач за телевизори од 40 до<br>· 65 инчи.<br>· Веса 200-300-400.<br>·<br><br>(да се наведе) | | | | |
| 28 | Параван за куклен театар или театар на сенки за во повеќенаменски простор, составен од 3 дела, поврзани со клавир шарки, кој се фиксира во метален оков за дефинирање на агол од 135°, изработен од оплеменета иверка д=2.5 см (технички цртеж во прилог) | Парче | 1 | 6.456,37 | 6.456,37 |
| 29 | Набавка на елементи за подвижна бина со мин.дим. 100x100x15см. Конструкција ОСБ, преслечено со теписон | Парче | 8 | 3.228,19 | 25.825,49 |
| 30 | Набавка на универзални поливалентни душеци за физичко, обложен со импрегнирано платно лесно за одржување, со дим. 200/100/8см | Парче | 10 | 11.729,07 | 117.290,75 |
| 31 | Набавка на шведски стол од форматирани сунѓерести елементи тапациран во отпорен материјал (според слика) мин. 60/90см | парче | 1 | 2.152,12 | 2.152,12 |
| 32 | Набавка на рипстол изработен од дрво (ела или смрека), попречните прачки од јасен или парена бука, со завршна обработка - лакирано со полиуретански безбоен лак, со дим. 90/15.5/260 см. (по технички цртеж) | парче | 2 | 18.831,08 | 37.662,17 |
| 33 | Шведска греда (гимнастичарска), изработена од дрво, поставена на метални ногарки, 350/27/35см | парче | 2 | 17.216,99 | 34.433,98 |
| 34 | Набавка и монтажа на огласна табла со мин.дим.120/80см. дрвена рамка со плута (во ходник). | парче | 2 | 2.152,12 | 4.304,25 |
| 35 | Стоечки кош пластичен, висина мин 150см | пар. | 1 | 9.684,56 | 9.684,56 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Јаже за скокање. Треба да биде со минимум должина 300 см. со рачки. Јажето треба да биде изработено од челична жица вметната во мека пластика, а рачките треба да се изработени од цврста пластика или дрво. | пар. | 10 | 645,64 | 6.456,37 |
| 37 | Пластични обрачи 35 -45 см | пар. | 20 | 645,64 | 12.912,74 |
| 38 | Чуневи – пластични | пар. | 10 | 53,80 | 538,03 |
| 39 | Вреќички со песок 250-500 гр. | пар. | 10 | 591,83 | 5.918,34 |
| 40 | Јаже за влечење со должина од 15м | парче | 1 | 1.076,06 | 1.076,06 |
| 41 | Топка големина 2 обем 540-560мм, тежина 250-280гр., изработена од квалитетна мека гума, со можност за игра во сала, на отворени и влажни терени, со повеќе слоеви: внатрешна гума, слој од најлон конец и надворешна гума | парче | 10 | 701,78 | 7.017,80 |
| 42 | Топка за фудбал | парче | 10 | 809,39 | 8.093,86 |
| 43 | Топка за одбојка | парче | 10 | 884,24 | 8.842,42 |
| 44 | Топка за кошарка | парче | 10 | 860,85 | 8.608,50 |
| 45 | Шатор со мин. димензии 80/100/100см изработен од метална или пластична конструкција и пластифицирано платно лесно за одржување. Треба да ја носи ознаката за квалитет „CE" или еквивалентно. | пар. | 1 | 3.228,19 | 3.228,19 |
| 46 | Трицикл (метален) | пар. | 1 | 2.690,15 | 2.690,15 |
| 47 | Тротинет (метален) | пар. | 1 | 2.690,15 | 2.690,15 |
| 48 | Набавка, транспорт на тобоган изработен од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно со висина мин 140см | парче | 1 | 10.222,59 | 10.222,59 |
| 49 | Набавка, транспорт на тобоган изработен од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно со висина мин 100см | парче | 1 | 5.918,34 | 5.918,34 |
| 50 | Набавка, транспорт на клацкалка изработена од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно. | парче | 2 | 4.304,25 | 8.608,50 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 51 | Набавка/изработка, транспорт и монтажа на гардеробна клупа без наслон 200/30см Н=36см, со плотна од дрво или оплеменета иверка д=25 мм, со заоблени ивици, кантирана со абс трака дмин=2мм, во долниот дел прегради. | | 4 | 4.304,25 | 17.216,99 |
| 52 | Набавка на Пиклер коцка (Pikler cube) со мин. димензии 60/60/60 см изработена од шперплоча 18mm, со пречки од масив дрво, боја натур, лаки+B70:B72рано со мат еколошки лак на водена база. | парче | 2 | 2.152,12 | 4.304,25 |
| 53 | Набавка на Пиклер триаголник (Pikler triangle) со мин. димензии 80/80/85 см изработен од шперплоча 18mm и пречки од масив дрво, боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | парче | 2 | 3.228,19 | 6.456,37 |
| 54 | Набавка на Баланс даска (Balance board) со мин. димензии 80/30 cm изработена од масив дрво боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | парче | 2 | 2.152,12 | 4.304,25 |
| | ПРОСТОРИЈА ЗА МЕТОДСКИ ПОМАГАЛА | | | | |
| 55 | Отворена сталажа со 5 полици, мобилни по висина, поставени на перфорирани челични профили. Изработен од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен во RAL 9006. 80/40/210 | парче | 2 | 15.064,87 | 30.129,73 |
| | СОБА ЗА ИЗОЛАЦИЈА | | | | |
| 56 | Набавка и монтажа на медицински ормар за лекови со заклучување, дим. 60/40/160 см. | парче | 1 | 12.912,74 | 12.912,74 |
| 57 | Набавка и поставување на медицински кревет за преглед-од метална конструкција,електростатски боена, легло обложено сунѓер со д= 10 см, тапациран со еко кожа, во бела боја, горниот дел да се подига 160/60/56см | парче | 1 | 25.825,49 | 25.825,49 |
| 58 | Столче за преглед од челична конструкција, електростатски боена. | парче | 1 | 10.760,62 | 10.760,62 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Седиште обложено со сунѓер д=10 см, тапацирано со еко кожа, со подесување на висина | | | | |
| 59 | Ѕидна закачалка, иверка мин 16мм кантирана со абс 2мм, 60/30см, со 3 метални закачалки | парче | 1 | 1.398,88 | 1.398,88 |
| 60 | Наткасна со фиоки, изработен од оплеменета иверка, дмин16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. 45/50/50см | парче | 1 | 3.766,22 | 3.766,22 |
| 61 | Вага со висинометар | парче | 1 | 10.222,59 | 10.222,59 |
| | АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | |
| 62 | Набавка и монтажа на плакар со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | | | | |
| 63 | 80/40/220 - дефектолог, логопед | парче | 1 | 6.671,58 | 6.671,58 |
| 64 | 80/40/220 – администрација | парче | 1 | 6.671,58 | 6.671,58 |
| 65 | 110/40/220 - простории перална | парче | 2 | 7.803,79 | 15.607,58 |
| 66 | Набавка на конгрес стол со метална конструкција, преслечена со мебелштоф или еко кожа за стручен кадар во занимални и просторија за стручен кадар | парче | 36 | 1.614,09 | 58.107,34 |
| 67 | Набавка и монтажа на канцелариско биро со мин.дим 140/70/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. со пластична розетна за кабли (Стручен кадар - логопед, дефектолог и администрација) | парче | 3 | 5.918,34 | 17.755,02 |
| 68 | Подвижна комода со три фиоки, изработена од оплеменета иверка, дмин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм, 45/55/62см | парче | 3 | 5.328,85 | 15.986,54 |
| 69 | Набавка и монтажа на конференциска маса со мин. дим 240/80/72см (од два дела) изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. (кабинет за стручен кадар - на приземје) | парче | 1 | 10.975,83 | 10.975,83 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 70 | Набавка и монтажа на ниски комоди, дел отворени полици, дел затворен со вратичка, со дим. 120/40/80, изработени од оплеменета иверка, д=16мм, плотна 25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм.. (логопед, дефектолог, администрација) | парче | 2 | 5.165,10 | 10.330,19 |
| 71 | Набавка на вртлива канцелариска столица тапацирана со еко кожа, со раконаслони со тркалца и лифтомат. | парче | 3 | 1.076,06 | 3.228,19 |
| 72 | Гардеробен ормар, со 4 крила од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен во RAL 9006. 65/41/180 | парче | 8 | 17.216,99 | 137.735,92 |
| 73 | Комјутер (конфигурација во прилог) | парче | 1 | 72.096,15 | 72.096,15 |
| | **1.CPU INTEL I3 10100F , Intel Core i3-10100F @ 3.60GHz** | | | | |
| | **Socket:** FCLGA1200 | | | | |
| | **Clockspeed:** 3.6 GHz | | | | |
| | | | | | |
| | **Turbo Speed:** 4.3 GHz | | | | |
| | | | | | |
| | **Cores:** 4 **Threads:** 8 | | | | |
| | | | | | |
| | **Typical TDP:** 65 W | | | | |
| | | | | | |
| | **Cache Size:** L1: 256 KB, L2: 1.0 MB, L3: 6 MB ( CPU) | | | | |
| | | | | | |
| | **2.8 GB RAM DDR4 1600 mhz (MEMORY)** | | | | |
| | | | | | |
| | **3.1 tera hdd 3.5 inci (HDD)** | | | | |
| | | | | | |
| | **4.DVD RW (OPTICAL DRIVE)** | | | | |
| | | | | | |
| | **4.H510M PRO PLOCA (MATICNA PLOCA )** | | | | |
| | | | | | |
| | **5.VGA GT 210 (GRAFICKA KARTA )** | | | | |
| | | | | | |
| | **WIN 10 PRO** | | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **MICKROSOFT OFFICE 20016 WORD , EXEL, POWER POIN** | | | | |
| | | | | | |
| | **6. GIGABIT LAN** | | | | |
| | **7. KEYBORD USB** | | | | |
| | **8. MIN 6*USB MIN 1000DPI** | | | | |
| | **9. MONITOR 22KA SAMSUNG BFS 590** | | | | |
| | **WARRANTY 2YEARS** | | | | |
| | | | | | |
| | DUCT: Lenovo D22-20 | | | | |
| | MACHINE TYPE: 66AD | | | | |
| | REGION: EMEA | | | | |
| | DISPLAY SIZE: 21.5" | | | | |
| | VIEW AREA: 476.64x268.11 mm | | | | |
| | PANEL: Twisted Nematic | | | | |
| | ASPECT RATIO: 16:9 | | | | |
| | RESOLUTION: 1920x1080 | | | | |
| | PIXEL PITCH: 0.2483x0.2483 mm | | | | |
| | DOT / PIXEL PER INCH: 102 dpi | | | | |
| | VIEW ANGLE (H / V): 90 / 65 | | | | |
| | PIXEL RESPONSE TIME: 5 ms (Extreme mode) / 5 ms (Typical mode) | | | | |
| | REFRESH RATE: 75 Hz (Only for HDMI imput) | | | | |
| | BRIGHTNESS: 200 nits | | | | |
| | CONTRAST RATIO: 600:1 | | | | |
| | COLOR GAMUT: 72% NTSC | | | | |
| | MULTIPLE INPUT: HDMI, VGA | | | | |
| | USB PORT: None | | | | |
| | CAMERA: None | | | | |
| | SPEAKER: None | | | | |
| | POWER CONSUMPTION (TYPICAL / MAXIMUM): 14W / 16W | | | | |
| | POWER ADAPTER: Integrated | | | | |
| | STAND: Tilt Stand | | | | |
| | COLOR: Raven Black | | | | |
| | SIDE BEZEL WIDTH: 14.6 mm | | | | |
| | DIMENSIONS WITH STAND (HXWXD): 386.4x507.2x206.2 mm | | | | |
| | WEIGHT (INCLUDING STAND): 5.97 lbs / 2.71 kg | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | MONITOR CABLE: VGA | | | | |
| | ENERGY STAR: None | | | | |
| | TCO: None | | | | |
| | EPEAT: None | | | | |
| | LOW BLUE LIGHT / EYE COMFORT / EYESAFE DISPLAY: Low Blue Light | | | | |
| | BASE WARRANTY: 36m. Warranty | | | | |
| | OPERATING SYSTEM: Support Windows 7, Windows 10 | | | | |
| 74 | **Печатар (конфигурација во прилог) Canon Laser A4 MF printer i-Sensys MF443dw, 38ppm, Auto duplex print, Single pass duplex scan, wireless, 12.7cm Colour** | парче | 1 | 11.621,47 | 11.621,47 |
| | **Touch Screen, Toner CRG057 (3.100pg) CRG057H (10.000), 3514C008AA** | | | | |
| | | | | | |
| | **Серија i-SENSYS MF440 CANON** | | | | |
| | | | | | |
| | **PRINT,COPY,SCAN,FAX** | | | | |
| | | | | | |
| | **1200*1200 DPI** | | | | |
| | | | | | |
| | **38 PPM** | | | | |
| | | | | | |
| | **A4** | | | | |
| | | | | | |
| | **AUTOMATIK** | | | | |
| | | | | | |
| | **100 SHEETS** | | | | |
| | | | | | |
| | **PCL5 C ,PCL6,PDF** | | | | |
| | | | | | |
| | **SCAN RESOLUTION up 600*600 dpi (color and moni ,adf) ups 1200*1200 dpi (color ,flatbed) up to 1200*1200 dpi (mono, flatbed)** | | | | |
| | | | | | |
| | **1 USB PORT : ETERNET 10/100** | | | | |
| | | | | | |
| | **MIN 256 MB** | | | | |
| | | | | | |
| | **TONER ORGINAL** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | WARRANTY 2YEARS | | | | |
| | **ВКУПНО ДЕЛ 1** | | | | 4.038.975,00 |
| | ДДВ 18% | | | | 727.015,50 |
| | ВКУПНО СО ДДВ | | | | 4.765.990,50 |

## VI. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Рокот за реализација на предметот на договорот е 40 работни дена сметано од денот на прием на нарачката доставена од страна на договорниот орган.

## VII.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот за јавната набавка е со важност од 26 месеци ( периодот го опфаќа и задолжителниот гарантен период за опремата од 24/12 месеци), сметано од денот на склучување на договорот.

## VIII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ГАРАНЦИЈА НА ОПРЕМА

**Член 7**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 15% од вкупната вредност на договорот и истата Носителот на набавката треба да ја достави во рок од 5 дена од денот на потпишување на договорот.

Банкарската гаранција се доставува во писмена оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од 3 месеци.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во денари.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**Член 8**

Испорачаната опрема треба да биде покриена со гарантен период од најмалку 12/24 месеци од производителот/носителот на набавката, за што носителот на набавката доставува и гарантен лист.

Носителот на набавката е должен во рок од 2(два) дена да се јави на повик од овластено лице во детската градинка во населба Точила во Општина Прилеп, објект во состав на ЈОУДГ "Наша иднина" Општина Прилеп, кој може да биде испратен по email или по пошта и да ги отстрани сите недостатоци во исправното функционирање на опремата.

Доколку е можно недостатоците се отстрануваат на лице место каде опремата е вградена или поставена, а доколку тоа не е можно по проценка на Носителот на набавка недостатоците се отстрануваат во соодветен сервис.

Патните трошоци за пренос на опремата кога има потреба од сервис и патните трошоци за лицата се на товар на Носителот на набавката.

Доколку опремата не се врати во исправна состојба во рок од 15 дена од денот кога истата е преземена од детската градинка, Носителот на набавка е должен да испрати замена за нефункционалната опрема најдоцна 3 дена од истекот на рокот за нејзина исправка односно најдоцна во рок од 18 дена од превземањето.

Во случај да се испорача нова опрема поради нефункционалност на старата гарантниот рок започнува да тече од денот на испораката и ќе трае 12 месеци.

## IX. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 9**

Носителот на набавката е должен испораката и монтажата на опремата да ја изврши во рок од 40 работни дена од денот на прием на нарачката доставена од страна на договорниот орган.

Испораката и монтажата на опремата се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице од договорниот орган и овластеното лице на носителот на набавката.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавката од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5% од цената утврдена во член 4 од овој договор за секој ден доцнење, а не повеќе од 15% од вредноста на договорот.

## XI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 11**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи во договорот;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.

## XII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 12**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши по приемот и монтажата на опремата.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница и гарантен лист за испорачаната опрема од носителот на набавката.

## XIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 13**

Квалитативен и квантитативен прием на опремата од член 2 од овој договор врши договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни и записник за примопредавање. Овој Записник за примопредавање на опремата е валиден само ако опремата е целосно испорачана.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја испорача и монтира опремата во рокот и на местото предвидени со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе ја испорача и монтира до местото предвидено со овој договор.

Место на доставување на опремата е детска градинка во населба Точила, Општина Прилеп.

**Член 15**

Носителот на набавката е должен испораката и монтажата да ја изврши во рок од 40 работни дена од денот на приемот на нарачката доставена од страна на договорниот орган.

## XV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на носителот на набавката, по извршената испорака и монтажа, а во рок до 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Маја Лазаревска или друго лице овластено од Министер.

Лицето за реализација на договорот е должно да достави копија од гарантен лист за испорачаната опрема до одговорно лице во детска градинка во населба Точила во Општина Прилеп, објект во состав на ЈОУДГ "Наша иднина".

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 17**

За сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 18**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVIII. ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 19**

До предавањето на стоката во детска градинка во населба Точила, во Општина Прилеп, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката го поднесува

носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз договорниот орган.

Ризикот не преминува врз договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока го раскинал договорот или барал замена на стоката.

**Член 20**

Ако предавањето на стоката не е извршено поради задоцнување на договорниот орган, ризикот преминува врз договорниот орган во моментот кога паднал во задоцнување.

**Член 21**

Кога поради задоцнување на договорниот орган ризикот преминал врз договорниот орган пред предавањето на стоката, носителот на набавката е должен да ја чува стоката со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки.

Истото важи и за договорниот орган кога стоката му е врачена, а тој сака да му ја врати на носителот на набавката, било поради тоа што го раскинал договорот, било поради тоа што барал друга стока наместо испорачаната.

И во едниот и во другиот случај договарачот кој е должен да ги преземе мерките за зачувување на стоката има право на надомест на трошоците потребни заради зачувување на стоката.

## XIX. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 22**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 23**

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува договорниот орган, а која му била позната на носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога носителот на набавката предал стока која не е соодветна на понудениот модел.

**Член 24**

Носителот на набавката не одговара за недостатоците од член 22 на овој договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на договорниот орган не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како договорниот орган би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

**Член 25**

Договорниот орган е должен применатa стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести носителот на набавката во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 26**

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, носителот на набавката му одговара на договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

## XX. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 27**

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

**Член 28**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 29**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XXI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 30**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

## XXII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 31**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските и спроведување на сите мерки предвидени со овој договор како и расаскинеување на договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 32**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, или нема да

ја исполни својата обврска другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 33**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## XXIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 35**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 36**

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| Договорен орган,<br>Министер,<br>Јованка Тренчевска | Носител на набавката,<br>Управител<br>Иваноски Влатко |
| ________________ | ________________ |

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор